ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ.бр.28/18-1
23.01.2018 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# И З В Е Ш Т А Ј
# За работа на Основниот суд Крива Паланка
# за 2017 година

## I. Извештај за статистика на предмети:

**1. НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2017 година се примени вкупно 4.533 нови предмети, од кои на кривичниот оддел 1.226 предмети, а на граѓанскиот оддел 1.140 предмети, а примени се и 2.167 т.н. административни предмети (“КР”,“СУ”, “УПП”, “СПИ” исл.).

**2. ОБЕМ НА РАБОТА:**

Во текот на 2017 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 5.185 нови предмети, од кои 652 се нерешени предмети од претходната година, а 4.533 се новопримени предмети.

**3. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:**

Од новопримените 4.533 предмети во 2017 година, решени се 4.536 предмети, од кои на кривичниот оддел 1.252 предмети, а на граѓанскиот оддел 1.117 предмети (решени се и 2.167 т.н. административни предмети). Приливот на нови предмети е совладан на ниво на суд и се решени 3 предмети од заостатокот (на кривичниот оддел приливот е совладан и се решени 26 предмети од заостатокот, а на граѓанскиот оддел приливот не е совладан за 23 предмети. Ова се должи на несовладан прилив кај оставинските предмети доверени на нотарите-“О” (новопримен е 271 предмет, а решени се 205 предмети).

**4. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:**

На крајот на извештајната 2017 година останале нерешени 649 предмети од сите видови.

Од вкупниот број нерешени предмети, најголемиот дел припаѓа на следните предмети:

-529 оставински предмети (сите доверени на нотарите);
-23 прекршочни предмети;
-20 “КУИКП” предмети;
-16 имотни спорови;
-15 работни спорови (“РО”);
-11 кривични (полнолетни);
-10 семејни спорови, итн.

**5. ОДЛУКИ ПО РЕДОВНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:**

Во 2017 година од вкупно решените 1229 предмети, кои подлежат на жалба до второстепениот суд, 179 предмети или 14,5 % се потврдени, 13 предмети или 1 % се преиначени и 45 предмети или 3,6 % се укинати.

**6. ОДЛУКИ ПО ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:**

Од вкупно примените 7 одлуки по вонреден правен лек во 2017 год., 6 предмети или 85,7 % се потврдени и 1 предмет или 14,2 % е укинат.

**7. РАБОТА ПО УКИНАТИ ПРЕДМЕТИ:**

Во извештајната 2017 година биле во работа вкупно 60 предмети со укинати одлуки од повисоките судови, од кои: 9 кривични (полнолетни), 1 “КС-КР”, 11 прекршочни и 39 граѓански предмети. Во истата година се решени вкупно 56 вакви предмети, од кои: 9 кривични (полнолетни), 1 “КС-КР”, 11 прекршочни и 35 граѓански предмети.

Нерешени останале вкупно 4 предмети, сите граѓански, и тоа 1 спор од мала вредност (“МАЛВП”) и 3 имотни спора (“П1”).

**8. СТАРИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2017 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 21 стар предмет, од кои: 4 “К”-кривични (полнолетни), 4 прекршочни предмети, 4 предмети со повикани лица на издржување казна затвор (полнолетни)-“КУИКП”, 2 “ВПП”-определување надомест за експроприрана недвижност, 1 “ВПП1”-физичка делба, 3 имотни спора-“П1”, 2 облигациони спора-“П4” и 1 спор од мала вредност- “МАЛВП”.

Од вкупниот број 21 стар предмет, решени се вкупно 16 предмети, од кои: 2 “ВПП”, 1 “ВПП1, 1 -“П1”, 2 “П4”, 1 “МАЛВП”, 1 “КУИКП”, 4 “К” и 4 прекршочни предмети.

Нерешени останале вкупно 5 стари предмети, од кои: 2 имотни спора-“П1” од 2015 година и 3 предмети со повикани лица на издржување казна затвор (полнолетни)-“КУИКП”, од кои 1 од 2011 год., 1 од 2013 год. и 1 од 2015 год.

Во истата година се јавуваат како стари и 305 оставински (“О”) предмети, доверени кај нотарите (2 се со предлози за решавање на дополнително пронајден имот од оставина), од кои се решени 55 (со предлозите за решавање на дополнително пронајден имот од оставина), а нерешени останале 250 предмети (1 од 2010 год., 25 од 2011 год., 30 од 2012 год., 55 од 2013 год., 58 од 2014 год. и 81 од 2015 година).

Меѓутоа, АКМИС за 2017 год. како стари ги презентира и следните предмети:

- ВПП.бр.61/17-барање за поправање на решение во предметот ВПП.бр.32/09, кој е решен на 28.12.2017 год.;
- ИКП.бр.86/16 (извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал), кој не е стар предмет, бидејќи е примен на 18.10.2016 год., а надоврзан е на предметот ИКП.бр.32/14. Овој предмет е решен на 28.11.2017 год.;
- П1.бр.39/17, примен на 30.08.2017 год., во кој треба да се донесе решение за трошоците на постапката во предметот П1.бр.88/13;
- П1.бр.55/17, примен на 14.12.2017 год., во кој е поднесен предлог за повторување на постапката во предметот П1.бр.60/15;
- МАЛВП.бр.31/17, примен на 05.04.2017 год. во кој е поднесен предлог за повторување на постапката во предметот МАЛВП.бр.54/15;
- К.бр.7/17, К.бр.30/16, К.бр.50/17, К.бр.89/17 и К.бр.90/17, кои се решени во текот на 2017 год. а се работи за предмети оформени по барања за повторување на постапката, и
- ВПП1.бр.11/15-предмет за физичка делба, примен на 07.09.2015 год., во кој се работи за предлог за продолжување на постапката во предметот ВПП1.бр.12/12, која била прекината поради поведување на парнична постапка. Предметот е решен на 07.02.2017 год.

***А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ:***

**1. Определени дејствија во претходна постапка (“К-ПП”):**

Во 2017 година се примени 27 нови предмети со определени дејствија во претходна постапка (“К-ПП”), колку што вкупно биле во работа и сите се решени во извештајната година.

**2. Кривични (“К”) предмети-полнолетни:**

Во изминатата 2017 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 131 кривични (полнолетни) предмет од кои 102 нови кривични предмети,15 нерешени од 2016 година , 9 предмети по редовни и вонредни правни лекови и 5 предмети оформени по барања за повторување на кривичната постапка. Од овие предмети се решени 106 редовни предмети и 14 повторно заведени предмети по редовни и вонредни правни лекови и барања за повторување на постапката, односно решени се вкупно 120 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 11, и тоа редовни предмети.

Кај кривичните предмети (полнолетни) приливот е совладан и се решени 15 предмети од заостатокот.

Во 2017 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Решени се вкупно 120 предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 22 или 18,3 %, 12 или 10,0 % се преиначени и 5 или 4,1 % се укинати.

**3. Прекршоци (“ПРК”):**

Во текот на извештајната година во работа вкупно имало 418 прекршочни предмети од кои 370 нови предмети ,35 нерешени од претходната година и 13 повторно заведени прекршочни предмети.Од овие предмети се решени 382 редовни предмети и 13 повторно заведени предмети (вкупно 395 предмети), а на крајот на годината останале нерешени 23-сите редовни предмети.

Кај прекршочните предмети приливот е совладан и се решени 12 предмети од заостатокот.

Во 2017 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Решени се вкупно 395 предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 12 или 3 % се потврдени, 1 или 0,2 % се преиначени и 5 или 1,2 % се укинати.

Во извештајната година се примени и два ”ПРК-Р” предмети, кои се решени.

**4. Извршни-прекршочни предмети (“ИПРК”):**

Во 2017 година судот постапуваше во 358 извршни-прекршочни предмети, од кои 3 се нерешени од претходната година. Решени се 356 предмети, а на крајот на годината останале нерешени само 2 предмети.

**5. Извршување на кривични парични казни и пушален износ (“ИКП”):**

Во извештајната година судот постапуваше во 117 ИКП-предмети, од кои 6 се остаток од претходната година. Од вкупниот број предмети се решени 115 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 2 предмети.

**6. Кривичен совет вон главна расправа (“КС”):**

Во 2017 година во работа имало 217 предмети од надлежност на кривичниот совет вон од главна расправа (“КС-КР”-197 предмети, “КПОВ”-11 предмети, “КСП”-1 предмет, “УО”-5 предмети и “ПРК-ПОВ”-3 предмети), од кои се решени 212, а останале нерешени 5 предмети (4 “КС-КР” и 1 “КПОВ”.).

Примени се и вкупно 3 предмети со одлуки по жалба, од кои 2 потврдени и 1 укинат.

**7. Замолници од кривична област (“ЗАМ-К”):**

Во изминатата 2017 година се примени и 6 кривични замолници, колку што вкупно и биле во работа и сите се решени.

**8. Извршување на казна затвор (“КУИКП”), прекин на издржување на казна “ПК” и на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки (“ИСАМ”):**

Во минатата 2017 година во работа имаше вкупно 72 “КУИКП” предмети, од кои 28 се од 2016 година, 43 се новопримени предмети и 1 е повторно заведен предмет. Решени се 52 предмети, а 20 предмети останале нерешени. Освен тоа, примени се 2 “ИСАМ” предмети, кои се решени и 1 “ПК”, кој исто така е решен.

***Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ:***

**1. Граѓански предмети: парнични (“П1”, “П2”, “П3”, “П4”, “П5”, “ПЛ1-П”, “МАЛВП” и “РО”):**

Во 2017 година судот во работа имаше вкупно 309 редовни граѓански (парнични) предмети, од кои 234 се новопримени, а 75 се нерешени предмети од претходната година. Од овие предмети се решени 260, а останале нерешени 49 предмети. Приливот кај парничните предмети е совладан и се решени 26 предмети од заостатокот. Меѓутоа, заедно со повторно заведените парнични предмети (по редовен и вонреден правен лек и други причини), во извештајната година имаше во работа вкупно 357 парнични предмети, од кои се решени 299 предмети, а нерешени останале 58 предмети (4 укинати по редовен правен лек, 1 по вонреден правен лек (повторување на постапката), 1 по предлог за продолжување на постапкта и 3 повторно заведени од други причини).

Во 2017 година квалитетот во пресудувањето кај овој вид предмети е следниот: Решени се вкупно 299 предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 123 или 41,1 % се потврдени, нема преиначени и 26 или 8,6 % се укинати.

**2. Вонпарнични (“ВПП”, “ВПП1”, “ВПП2” и “ОДС”), разни вонпарнични предмети (“РВПП”) и оставина по приговор (“О1”):**

Во 2017 година во работа имаше вкупно 104 редовни вонпарнични предмети, од кои 82 се новопримени, а 22 се заостаток од минатата година. Од нив се решени 97 предмети, а нерешени останале 7 предмети (6 “ВПП1”-предмети, од кои 4 физички делби и 2 уредување на меѓи и 1 “ВПП” предмет за определување надомест за експроприрана недвижност). Приливот на нови предмети е совладан и се решени 15 предмети од заостатокот. Меѓутоа, во извештајната година, заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни правни лекови исл.) во работа имало вкупно 112 вонпарнични предмети (33 физички делби, 4 уредување на меѓи, 16 предмети за определување надомест за експроприрана недвижност, 1 прогласување на исчезнато лице за умрено, 52 легализација на трактори и тракторски приколки, 1 дозвола за склучување на брак, 1 одземање на деловна способност, 2 привремени мерки, 1 обезбедување на докази и 1 чување на исправи), од кои се решени 105 предмети, а останале нерешени горенаведените 7 редовни предмети.

Во извештајната година имаше во работа и 57 “О1” предмет по приговор и по предлог за расправање на новопронајден имот од оставина, од кои судот решил 56, а 1 предмет останал нерешен.

Квалитетот на одлучувањето во вонпарничните предмети е следен: Решени се вкупно 105 предмети, од кои во постапка по жалба се потврдени 8 или 7,6 % се потврдени, нема преиначени и 5 или 4,7 % се укинати.

Квалитетот, пак на одлучувањето во “О1” предметите е следниот: Решени се вкупно 56 “О1” предмети, од кои во постапка по жалба е потврден 1 или 1,7 %, а нема преиначени и укинати предмети.

Во извештајната година во работа имало и: 237 “РВПП”, 214 “ЗАВ-Х”, 1 ”ЗАВ” и 8 “ЗАМ-С” предмети (разни потврди, уверенија, заверки, дозволи, замолници исл.) и сите се решени.

**3. Приговори против неправилности во извршувањето (“ППНИ”), дозволи на извршител (“ИДС”) и извршување по Законот за семејството (“ИЗС”):**

Во извештајната година во работа имало и: 42 предмети по приговор против неправилности во извршувањето (“ППНИ”), од кои е решен 41 предмет, а 1 останал нерешен; 1 “ИДС”-издадена дозвола, и 1 “ИЗС” предмет, кој е решен.

Во 2017 год. квалитетот на одлучувањето предметите е следен: Решен е 41 “ППНИ” предмет, од кои во постапка по жалба се потврдени 9, или 21,9 %, а укинати се 3, или 7,3 %.

**4. Оставина (“О”)-предмети доверени на нотарите:**

Во 2017 година во работа имало вкупно 737 оставински предмети доверени на наотарите, од кои се решени 208, а останале нерешни 529 предмети. Во истата година е примен 271 нов оставински предмет, од кои се решени 205 предмети. Приливот на нови остависнки предмети од нотарите не е совладан за 66 предмети. Ажурноста и динамиката во решавањето на остависнките предмети и совладувањето на приливот на нови предмети од нотарите не задоволува.

**РАБОТА СО АРХИВИРАНИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2017 година е посветено потребното внимание на класификувањето, означувањето, средувањето, издвојувањето и депонирањето на архивираните предмети во судската архива. Притоа, до Државниот архив на Република Македонија-Одделение во Куманово беа доставени Планот на архивски знаци за 2017 година, Листата на архивски материјал за 2017 година и Листата на документарен материјал со рокови на негово чување за 2017 година, заради добивање на писмена согласност за нивна примена.

**КАЗНЕНА ЕВИДЕНЦИЈА:**

Во изминатата година се продолжи со редовното внесување на податоците во казнената евиденција во електронска форма, согласно со Правилникот за начинот на водењето, уредувањето и чувањето на казнената евиденција ("Сл. в.на РМ, бр.111/14).Истовремено по службена должност избришани се осудите од 2003 и 2004 година

## II. Извештај за човечки ресурси:

**1 Организациската поставеност и систематизација (судии и други вработени):**

.Основниот суд Крива Паланка е суд со основна надлежност во смисла на чл.30 од Законот за судовите, основан за подрачјето на Општините Крива паланка и Ранковце. Работата во судот е организирана во два оддели-кривичен и граѓански, со вкупно 6 (шест) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, колку што се и систематизирани со одлуката на Судскиот совет на Република Македонија од 26.11.2015 год. На кривичниот и на граѓанскиот оддел се распоредени по тројца судии. Судско-административната работа во рамките на одделите се извршува во следните судски писарници: приемна писарница (прием на поднесоци, писмена итн. за двата оддели); кривична (полнолетни) писарница; прекршочна писарница; писарница за извршување на кривичните санкции; писарница за извршување на прекршочните санкции; писарница за казнена евиденција; парнична писарница, и вонпарнична (со оставина) писарница. Доставната служба, одделението за информатика, одделението за финанасиско и материјално работење, судската полиција и техничкиот и помошниот персонал се организирани како логистика за работа на двата судски оддели, односно судот во целина. Во текот на годината, со состојба на 31.12.2017 год. во судската служба на судот биле вработени вкупно 29 лица, од кои: 1 раководител на судски оддел, 1 советник (информатичар), 1 помлад соработник (информатичар), 5 судски соработници, 3 самостојни судски референти (сметководител, прием и експедиција на судска пошта и водител на кривичната (полнолетни) писарница и писарницата за извршување на кривичните санкции), 1 виш судски референт (благајник), 5 судски референти (дактилографи), 2 судски референти (извршители на работи и задачи во парничната и вонпарничната и оставинска писарница), 1 помлад судски референт (извршител на работи и задачи во судска прекршочната и писарницата за извршување на прекршочните санкции), 3 помлади судски референти-доставувачи, 4 припадници на судската полиција (во судот не е назначен командир на судската полиција) и 2 хигиеничари. Истовремено, во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Крива Паланка, СУ.бр.60/15 од 17.02.2015 год. за судската служба се предвидени вкупно 63 работни места, од кои: 51 за судски службеници (7 раководни, 14 стручни и 30 помошно-стручни судски службеници ), 5 за вршење на технички и помошни работи (1 хаусмајстор-одржувач на систем за топловодно греење, 3 хигиеничари и 1 возач) и 7 за судската полиција (командир, заменик-командир и 5 припадници на судската полиција).

**2. Планирани и реализирани вработувања:**

За 2017 година, во Годишниот план за вработување беа предвидени 5 вработувања, од кои: 2 самостојни судски референти- водители на писарница (парнична писарница и писарница за извршување на прекршочни санкции), 1 помлад судски референт-доставувач, 1 возач и 1 припадник на судската полиција. Од планираните 5 вработувања ниту едно не е реализирано, бидејќи не беа обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.

**3. Споредба на планирани и реализирани обуки на вработените. Оценка на ефектите од обуките во смисла на подобрен квалитет на обуките, посебно во примената на процесното и материјалното право:**

Обуките на вработените во Основниот суд Крива Паланка се одвиваа согласно со Планот и календарот на обуките на Академијата за судии и јавни обвинители-Скопје. На обуките зедоа учество судиите и судските службеници (судски соработници и помошно-стручни службеници) од кривичниот и граѓанскиот оддел. Особено корисни за судиите од кривичниот оддел беа обуките на тема: “Главна расправа-предлагање и изведување на докази-Директно, вкрстено и дополнително испитување-Доказно рочиште”, “Иструменти за судска соработка во кривична и граѓанска материја” и “Член 3 од ЕКЧП - Спроведување на ефикасна истрага”, а за судиите од граѓанскиот оддел обуките на темите: “Измени на ЗПП со судска практика-Практични проблеми со имплементацијата”, “Откажување на договор за вработување од деловни причини-Спроведување на постапка согласно со ЗРО, конвенцијата и препораката на МОТ” и “Ефикасна имплементација на Истанбулската конвенција”. Обуките беа реализирани согласно со специјализацијата, пројавениот интерес и афинитети на судиите и судските службеници, како и потребите на работниот процес на судот.

## III. Извештај за усогласување на судска пракса

**1. Извештај за одржани состаноци во врска со усогласување на судската пракса на ниво на оддели, колегиуми и судови, заземени ставови за усогласување на судската пракса:**

Карактеристичните прашања околу примената на прописите, како и изнесените правни мислења во одлуките на повисоките судови редовно (најмалку еднаш месечно) се изнесуваат на седниците на судиите и седниците на кривичниот и граѓанскиот оддел. При редовната годишна контрола на работата на судот од страна на Апелациониот суд Скопје, на заедничка седница се разјаснуваа определени правни прашања и дилеми по барање на судиите на Основниот суд Крива Паланка и се изнесуваа ставови на судиите од повисокиот суд од интерес за воедначување на судската практика во определени специфични правни случаи и единствената примена на законите.

## IV. Извештај за односи со јавност

**1. Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање:**

До Канцеларијата за односи со јавност во текот на 2017 год. беше поднесено само едно барање, по кое судскиот портпарол, кој истовремено е и судија, веднаш постапи и податоците беа доставени до барателот (“Сител” телевизија).

**2. Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање:**

Во 2017 година се поднесени вкупно 12 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, сите во писмена форма. Информациите до барателите се доставени во писмена форма во законскиот рок. Досега во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер не се поднесувани жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. По барањата постапува определеното службено лице за тоа-судски соработник, кој одговорите ги дава по извршени консултации со судските писарници, раководителот на судски оддел, претседателите на одделите и претседателот на судот.

**3. Број на објавени одлуки на интернет на WEB-страната на судот, фактори кои влијаат на објавите на интернет:**

До крајот на 2017 година од страна на Основниот суд Крива Паланка беа објавени вкупно 8.385 анонимизирани одлуки, од кои 422 се одлуки донесени во 2017 година. Анонимизираните одлуки порано беа прикачувани рачно на веб-страната на судот, а од 2016 година се објавуваат преку модулот за анонимизација и публикација вграден во АКМИС и се наоѓаат на новиот портал на Основен суд Крива Паланка, до кој може да се пристапи преку или . Меѓутоа, со користење на модулот за анонимизација во АКМИС прекршочните одлуки повеќе не се појавуваат во модулот за анонимизација, а порано објавените вакви одлуки се одземени од иницијалната бројка, така што до 01.01.2018 год. на судскиот портал се наоѓаа вкупно 3.297 анонимизирани одлуки.

**4.Објавени соопштенија за јавност, прес-конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот:**

Во 2017 год. судот нема организирано прес-конференции, јавни настани и отворени денови.

Тргнувајќи од постулатите за отворено и објективно информирање на јавноста, во смисла на чл.102 од Судскиот деловник, во втората половина на март 2017 год. е презентирано соопштение за јавноста на медиумот Телевизија "К3", преку кое се даде отчет за работата на Основниот суд Крива Паланка за 2016 година. Оваа соопштение, како и позначајните акти на судот (распоред за работа, куќен ред на судот, спроведени јавни набавки исл.) се објавени на веб-страната на судот.

## V. Извештај за информатички технологии

**1. Извештај за активностите во делот на ИКТ**

Во 2017 година се преземани следните активности во делот на ИКТ:

1. Детална проверка, дијагностика и решавање на компјутерски проблеми;
2. Тековно одржување на хардверската опрема со која располага судот;
3. Одржување на судската мрежа;
4. Контрола на работата на антивирусната програма инсталирана на комјутерите;
5. Секојдневна помош на судските службеници во работата, во случај на појавени проблеми во програмата АКМИС;
6. Ажурирање на WEB-страната на судот, со контрола за редовно објавување на анонимизираните одлуки и соопштенија и информации од јавен карактер;
7. Изработка на месечен извештај за бројот на тонски снимања кои се одржани во граѓанскиот оддел, извештај за вкупниот број на тонски снимања на рочишта по судии, бројот на извршени електронски достави во месецот, вкупниот број на донесени и објавени анонимизирани одлуки на web-страната на судот;
8. Редовна проверка на e-mail адресите кои ги користи судот и проследување на писмената до и од судот;
9. Дневен Backup на SQL базата од програмата АКМИС;
10. Backup процедура на виртуелните машини kriosdc01, kriosdc02, kriossql и kriosapp. Дневна копија од спроведената backup процедура од претходниот ден на надворешен диск;
11. Заштита на податоците преку одржување на Backup процедура;
12. Инсталација на потребен софтвер и драјвери;
13. Скенирање на поголемите поднесоци кои се доставени до приемното одделение преку системот за електронски прием на поднесоци;
14. Генерирање на извештаи во АКМИС, или извлекување на разни статистички податоци од самата база на податоци на овој софтвер;
15. Поставување на хардверската опрема од спроведените Јавни набавки.
16. Администрирање на e-mail адресите кои се под домен на oskrpalanka.mk, исл.

**2. Примена на програмски апликации во судот, што е сменето, доградено, воочени проблеми, предлози за подобрување.**

Во Основниот суд Крива Паланка работата се одвива целосно во програмата АКМИС, од приемот на поднесокот, до изготвувањето на одлуките, евиденцијата на редовните и вонредните правни лекови и одлуките донесени по нив. Последната верзија на АКМИС, која е инсталирана од "ЕдуСофт" потекнува од 2016 gодина, така што во 2017 година нема нови верзии на оваа програмска аликација.

Граѓанските рочишта се проследени со тонски снимања преку програмата "ФЕМИДА".

До април 2016 година, сите донесени одлуки се анонимизираа во програмата OpenOffice.org Writer, а од април 2016 година во програмата АКМИС е додаден модулот за анонимизирање на судските одлуки, преку кој се извршува анонимизирањето и публикувањето на анонимизираните одлуки.

За приемот и доставата на поднесоците се користи системот за електронски прием на поднесоци преку кој се внесуваат поднесоците во скенирана форма во АКМИС.

Во одделението за сметководство се користи програмата АБМС -Автоматизиран Буџетски Менаџмет Систем, која навремено се доградува и служи за работа со основните средства, пресметката на плати, персоналната евиденција на вработените, материјалното и магацинското работење и финансиското и буџетско работење. Во одделението за сметководство се користи и програмата МПИН - Месечна Пресметка За Интегрирана Наплата, со која се добива декларација за исплата на плати, придонеси и персонален данок на вработените. Сите нејзини надградби се симнуваат и инсталираат од WEB-страната на Управата за јавни приходи.

На компјутерите кои се прикачени во мрежата на Основниот суд Крива Паланка е инсталирана антивирусната програма Kaspersky Endpoint security for Windows.

Работата на компјутерите кои имаат 256MB-1GB RAM е видно успорена со инсталација на антивирусниот пакет кој се користи. Потребна е надоградба на RAM

меморијата на тие компјутери до барем 2GB RAM меморија за побрзо функционирање на истите, се' со цел да нема успорување во текот на работата.

Серверите на кои се хостирани kriosdc01, kriosdc02, kriosapp и kriossql веќе немаат функционален UPS уред и се поврзани директно, незаштитени од можни прекини на електрична енергија и можни се прекини во целокупната работа на АКМИС-системот од причина што истиот е зависен од горенаведените виртуелни машини. Предлагаме во најитен можен рок да се спроведе набавка на нов UPS уред за претходно наведените сервери. Со цел да нема дополнителен застој кај системот за електронски прием на поднесоци предлагаме да се земе UPS уред и за kriosscan серверот.

Официјалната подршка со надоградби исл. на оперативниот систем Windows XP, кој се користи на повеќето компјутери во судовите заврши на 8 Април 2014 година и со тоа целосно се зголемува нивото на потенцијални ризици од безбедносен аспект.

Во текот на 2017 година со средства одобрени од Судскиот буџетски совет извршена е јавна набавка со која се набавени 3 компјутерски конфигурации, 2 мултифункционални апарати и 7 принтери.

За 2018 година треба да се размислува за целосна обнова на хардверот и принтерите, бидејќи најголем дел од опремата е веќе амортизиран.

## VI. Извештај за опременост и одржување на зградата на судот

1. Анализа на состојбата и предлози за подобрување:

Зградата на Основниот суд Крива Паланка е изградена пред 46 години. Истата е опремена со сопствен систем за топловодно греење од 1998 год., кој е реконструиран во 2003 и 2009 година. Во 2003 год. е извршена надградба со изградба на уште еден-IV кат и обновување на фасадата. Влезната партија е доуредувана во 2003 год. и 2009 год., со изградба на настрешница и пристапна патека за лица со посебни потреби (истата е без ограда). Во 2015 год. на влезната партија е уреден простор за паркирање на велосипеди, согласно со законските задолженија. Едношалтерскиот систем е уреден во 2009 год. Старите прозорци се заменети со нови, изработени од алуминиумски профили и термопан стакло, освен во судиницата I на првиот кат, како и судницата IV и една работна просторија на вториот кат. Серверската просторија се наоѓа на првиот кат (преуреден дел од ходникот), со инсталирани два климатизери. Во 2017 година се набавени три нови климатизери, од кои еден е поставен во серверската просторија (како замена на дотраениот), а два во работни простории на судските службеници, со што сите простории во судот се климатизирани. Внатрешните простории од приземјето до четвртиот кат во најголем дел се покриени со видео-надзор ( освен четвртиот кат , чекалната на првиот кат,пред и зад судот). Метал-детекторот на влезот од зградата, кој е донација на УСАИД, не е во функција повеќе од шест години, бидејќи дотраениот дел не може да се набави на нашиот пазар (истиот е од американско производство). Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во еден дел е опремена со метални ормари, а во 2015 година е комплетно средувана и доуредена со метални полици. Опремата за противпожарна заштита не беше испитана повеќе од 8 години и во текот на 2017 год. истото е сторено , набавени се три хидрантски црева и две хидрантски млазници, извршен е сервис на ПП апарати, така што опремата е целосно оспособена. Судската зграда досега не беше осигурана, а во 2017 година и тоа е спроведено.

Во истата година е извршена и помала реконструкција на електричната инсталација, со поставување на автоматски осигурувачи. Основното јавно обвинителство Крива Паланка ги користи сите простории на вториот кат, со исклучок на една работна просторија и судницата IV. Напојувањето со електрична енергија на Основното јавно обвинителство Крива Паланка е одделено од судот, меѓутоа овој орган го користи судското топловодно греење и санитерниот јазол, без учество во надоместот на трошоците. Обвинитеството користи и една подрумска просторија за својата архива. Просториите на приземјето, првиот и вториот кат од судската зграда не се варосувани над 17 години. Во јули 2016 год. се варосани осум простории и ходникот на третиот кат, кога е реконструиран амортизираниот под на четири работни простории на овој кат, со поставување на ламиниран под. Во истиот месец е извршена поправка на доводната мрежа од санитарниот јазол на четвртиот кат. Во во текот на 2017 година се варосани и просториите на четвртиот кат.

Заради подобрување на просторните услови се предлага извршување на следните

работи:

**-Реконструкција на електричната инсталација, заради отстранување на опасноста од нејзино загревање, пожар, дефекти и ненадејно исклучување поради големиот број потрошувачи на електрична енергија (компјутери, скенери, печатачи, сервери, климатизери исл.);**

-Поправка или замена на метал-детекторот на влезот од судската зграда;

-Набавка и инсталација на камери за видео-надзор на првиот кат, во делот на чекалниците пред трите судници,четвртиот кат, како и пред и зад судската зграда (овој простор не е покриен со сегашниот систем);

-Поставување на ограда на пристапната патека за лицата со посебни потреби;

-Поставување на ламинатен под на останатата површина на третиот кат-три работни простории, канцеларијата на Претседателот на судот и работната просторија на неговиот технички секретар, како и ходникот (постоечкиот теписон е дотраен);

-Замена на старите прозорци на судиницата I на првиот кат, како и на судницата IV и работната просторија на вториот кат, со нови, изработени од алуминиумски профили и термопан стакло;

-Варосување на судскиот простор на приземјето, првиот и вториот кат на зградата,

-Набавка на 10 нови работни столици, заради замена на веќе амортизираните и

-Набавка на архивски кутии.

## VII. Проценка на безбедносната состојба на вработените и странките, предметите во судот. Споредба на тековната опременост со стандардната:

Безбедносната состојба на вработените, странките и предметите во судот задоволува. За безбедноста се грижат четирите припадници на судската полиција (еден е на подолготрајно боледување, сметано од 26.02.2017 год.). Во текот на работното време е потребно присуство на двајца припадници на судската полиција, што со сегашниот нејзин состав не е можно да се организира. Судската полиција нема командир, а со негово назначување ќе се овозможи прописно организирање нејзината работа.

**Електричната инсталација е стара над 45 години. Заради честите прекини на електричната енергија поради преоптовареност и дотраеност на мрежата, во 2017 год. се поставени нови-автоматски осигурувачи, за да се намали опасноста од дефекти, загревање и пожар, меѓутоа проблемот од безбедносен аспект не е решен на подолг рок.**

Судот поседува метал-детектор, кој се наоѓа на влезот од судската зграда, но не е во функција повеќе од 4 години, поради дефект, па е нужно негово оспособување, или замена. Дефектот досега не е отстранет, бидејќи делот кој треба да се замени не може да се најде на нашиот пазар (метал-детекторот е од американско производство).

На постоечкиот систем за видео-надзор му е потребно надградување со поставување на камери на првиот кат, во делот на чекалниците пред трите судници,на четвртиот кат, како и пред и зад судската зграда, бидејќи според сегашната состојба овие површини визуелно не може да се контролираат.

УПС-от на главниот сервер не е во функција поради дефект и на истиот треба да се изврши поправка или да се замени со нов.

Климатизерите во серверската просторија во 2017 год. се заменети со нови и се обезбедени условите за оптимална работна температура на електронската опрема.

Опремата за противпожарна заштита не беше испитана повеќе од 8 години и во текот на 2017 год. истото е сторено , набавени се три хидрантски црева и две хидрантски млазници, извршен е сервис на ПП апарати, така што опремата е целосно оспособена.

Судската зграда досега не беше осигурана, а во 2017 година и тоа е спроведено.

## VIII. Извештај за јавни набавки-извршени и планирани

**1. Централизирани, предмет на набавка:**

Во 2017 год. се извршени две централизирани јавни набавки, и тоа едната за набавка на стоки-хартија за печатење (постапката за јавна набавка е спроведена од Апелациониот

суд Скопје), а другата за услуги на фиксната телефонија и интернет (постапката е спроведена од Судскиот совет на Република Македонија).

**2. Сопствени набавки, број на огласи, избрани добавувачи по предмет на набавка, вредност на набавките:**

Во извештајната година Основниот суд Крива Паланка спроведе постапка за јавна набавка по следните огласи:

1. Оглас бр.1/2017 за јавна набавка на масло за горење-ЕЛ (екстра-лесно), во количество од 12.000 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор “Супертрејд”, ДОО-Скопје, ул.”Борис Трајковски”, бр.68., со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во износ од 502.822,00 ден. и за јавна набавка на гориво (моторни возила)-еуродизел-БС, во количество од 1.900 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор а.д. за промет со нафта и нафтени деривати “Макпетрол”-Скопје, ул.”Св. Кирил и Методиј”, бр.4, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во вклупен износ од 102.594,00 ден.;

2. Оглас бр.2/2017 за јавна набавка на тонери за копир апарат и печатачи марка “Минолта”, печатени материјали по нарачка и други канцелариски материјали, по кој се склучени договори со следните економски оператори:

-Прецизна механика и електроника “Техника”, Васо Касапинов-Кавадарци (за набавка на тонери за копир апарат и печатачи марка “Минолта”), со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 10.030,00 ден.;

-Друштво за трговија, преоизводство и услуги “Опиком” ДООЕЛ- Пробиштип (за набавка на печатени материјали по нарачка), со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 21.771,00 ден., и

-Друштво за производство, трговија и информатички инженеринг “Софтмак” ДООЕЛ-Куманово (набавка на други канцелариски материјали), со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 11.376,00 ден.;

3. Оглас бр.3/2017 за јавна набавка на тонери за ласерски печатачи марка “Лексмарк” и “Самсунг”, по кој се склучени договори со следните економски оператори:

-Друштво за производство, промет, трговија и услуги “Триникс” ДООЕЛ-Скопје (тонери за “Лексмарк”), со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 16.284,00 ден., и

-Друштво за трговија, преоизводство и услуги “Опиком” ДООЕЛ- Пробиштип (тонери за “Самсунг”), со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 3.009,00 ден.;

4. Оглас бр.4/2017 за јавна набавка на ласерски мултифункционални апарати, ласерски печатачи и персонални компјутери, по кој се склучени договори со следните економски оператори:

-Друштво за производство, инженеринг, консалтинг и услуги “Доајен дата систем”, Мирослав, ДООЕЛ-Скопје (еден мултифункционален апарат со печатач, копир и скенер и еден мултифункционален апарат со печатач, копир, скенер и факс), со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 13.650,00 ден.;

-Друштво за производство, услуги и трговија “Боки-компјутери” ДООЕЛ-Струмица (набавка на три персонални компјутери со конфигурација), со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 71.925,00 ден., и

-Трговско друштво за промет и услуги “АСКОМ”, Александар и Горан, ДОО-Скопје (шест ласерски печатачи), со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 19.530,00 ден., и

5. Оглас бр.5/2017, за јавна набавка на кошули со кратки ракави, кошули со долги ракави, кратки виндјакни и летни панталони (сите машки) за четири припадници на судската полиција, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор Друштво за производство, трговија и услуги “Дона-М”, Добре Митев, ДООЕЛ-Штип, со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 38.671,00 ден.

Сите наведени јавни набавки се содржат во Планот за јавни набавки за 2017 година.

## IX. Извештај за извршување на буџет на судот и финансиска анализа

**1. Направени трошоци на судот во споредба со планираниот буџет:**

Во периодот од 01.01.2017 год. до 31.12.2017 година направени се расходи во вкупен износ од 19.734.738,00 ден., од кои најголем дел, и тоа износ од 16.893.429,00 денари за плати, придонеси и надоместоци на вработените, 2.003.095,00 денари за материјални расходи на судот, 698.109,00 денари за исплата по судски решенија и солидарни исплати. Панираниот буџет за 2017 година изнесуваше 25.203.000,00 денари, од кои најголем дел, итоа 20.259.000,00 денари беа планирани за исплата на плати на вработените, како и за плати за нови вработувања. Останатиот износ од планираниот буџет за 2017 година беше планиран за материјални расходи во изос од 2.848.000,00 денари, за разни трансфери (исплати по судски решенија и солидарни исплати) во износ од 500.000,00 денари и за капитални расходи на судот износ од 1.596.000,00 денари.

Со годишната распределба на буџетот за 2017 година од страна на Судскиот буџетски совет на Основниот суд Крива Паланка му беа одобрени средства за материјални расходи во вкупен износ од 2.428.700,00 ден., од кои 1.969.700,00 ден. одобрени од буџетската сметка на судот и 459.000,00 ден. одобрени од сметката за приходи финансирани од органи (сопствени приходи).

**2. Споредба на остварена цена на чинење на судски предмет во споредба со планираното.**

Во октомври 2015 год. е отпочнат процесот на надградба на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС), со инсталирање на нов модул за пресметка на цената на чинење на судските предмети. Овој процес сеуште не е завршен и наведениот модул не е оперативен. Поради тоа, за 2017 год. Основниот суд Крива Паланка не беше во можност да ја утврди цената на чинење на одделните судски предмети.

**3. Финансиска анализа за направени трошоци, задолженост на судот, реализација на план за отплата на долговите.**

Во 2017 година пренесени се обврски од изминатите години по основ на материјални трошоци во вкупен износ од 272.573.00 ден. Дел од овој долг е намирен во текот на годината во износ од 220.859,00 денари, а останале неизмирени 51.714,00 денари (обврски кон МВР на РМ Скопје во износ од 48.936,00 денари, кои се спорни и едно вештачење со персонален данок од вешто лице Даниел Додиќ од Куманово во износ од 2.778,00 денари). Заклучно со 31.12.2017 год. вкупните ненамирени обврски по основ на материјални трошоци изнесуваат 134.502,00 денари, од кои неподмирени обврски од претходни години во износ од 51.714,00 денари и останатиот износ од 82.788,00 денари се неподмирени обврски од тековната 2017 година. Се планира да ненамирените обврски целосно бидат подмирени со одобрениот буџет за 2018 год.

Претседател на судот,
Анкица Димитровск